РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-644/1
03-02-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива а по однос на доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот со број 08-1889/1 од 03.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1889/1 од 03.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 08-1889/1 од 03.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива а по однос на доставена пријава, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ________________ по престанок на функцијата член на Управен одбор на ________________________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во Службен весник на РСМ, по што констатира дека лицето ________________ е разрешено од вршење на функцијата член на Управен одбор на ________________________ со Решение бр.14-11691/1 од 12.11.2024 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во „ Службен весник на РСМ " бр.237/24 .

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека лицето ______________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Управен одбор на ________________________ не поднело Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето __________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 08-1889/4 од 02.09.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1889/5 од 02.09.2025 година, кој е доставен до сторителот на прекршокот но истиот не ја подигнал пратката.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-2989/3 од 25.12.2025, со кое сторителот ________________ го прогласи за одговорен.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk